ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“,
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

# ЅБОРНИК

## ОД ПРВИТЕ КИРИЛО-МЕТОДИЕВИ НАУЧНИ СРЕДБИ

Скопје, 23.5.2024 година

Уредник
Маја Ангеловска-Панова
Скопје, 2025

**Дејан Борисов**
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“- Скопје

# СВЕТИ КИРИЛ И СВЕТИ МЕТОДИЈ КРЕАТОРИ НА НОВАТА ЦРКОВНА РЕАЛНОСТ ВО ЕВРОПА

UDK 27-36:929Кирил,св.(093.2)
UDK 27-36:929Методиј,св.(093.2)
UDK 930.85(=16)"08"(093.2)

## Апстракт

Зборувајќи за Светите рамноапостолни браќа Кирил и Методиј примарно место во наративот има нивната мисионерска и просветителска дејност. Впрочем, нивниот успех во тоа е толку голем и видлив низ вековите што го добиле епитетот рамноапостоли. Но, се чини дека притоа се заборава дека тие работат во конкретен временски период во кој се случуваат промени кои влијаат врз редефинирањето како на политичката, така и на религиозната слика на Европа. Свети Кирил и Свети Методиј како активни учесници во овие процеси се најпознатите дипломати на Византиската Империја во IX век. Историската важност на рамноапостолните браќа е признаена и потврдена и од Римската црква, имено папата Јован Павле II, со Апостолското писмо Egregiae virtutis (31 декември 1980) ги прогласи за козаштитници на Европа, а со енцикликата Slavorum apostoli (2 јуни 1985) за евангелизатори на словенските народи.

## Industriae tuae

За да се говори во детали за делото на Светите браќа Кирил и Методиј ќе треба да се објаснат односите меѓу Византија и Абисинија (во контекст на Сараценската мисија), за односот на Византија и Хазарите (Хазарската мисија), за односите меѓу Франките и Бугарите и нивниот воено-политички сојуз во времето непосредно пред Моравската мисија, за покрстувањето на Бугарската држава во времето на цар Борис непосредно по почнувањето на Моравската мисија, за тоа кој ја имал црковната јурисдикција врз оваа држава – Рим или Константинопол, за религиозните реформи во Западна Европа, за средбите на Свети Кирил и Свети Методиј со римските папи, за заточенијата на Свети Методиј во германските затвори и многу други работи и настани

што се случиле во овој период, но сето тоа не е тема на нашето излагање. Имено, ќе се задржиме само на презентирање на документи од папската канцеларија кои се однесуваат на делото на Светите рамноапостолни браќа Кирил и Методиј.

Прв документ кој се однесува на Свети Кирил и Свети Методиј е папската була[1] "Industriae tuae" од 29 јуни 880 година. Иако Словените векови претходно се во контакт со христијанството, а дел од нив веќе и се христијанизирани и на Исток и на Запад, сепак нивната христијанизација и проповедањето на Христовото учење ним не им се пренесува на словенски јазик туку на грчки, во делот под влијание на Византија или на латински и германски во делот под влијание на Римскиот престол – Universum Romanum. Каде е словенскиот јазик? Во овој контекст морам да зборувам за она што во Црквата го сметаме за неофицијален Осми вселенски собор, а тоа е Големиот собор на помирувањето или Големиот собор во црквата Св. Софија од 879 до 880 година. Имено тоа е соборот на којшто се присутни претставници и од Истокот, и од Западот и зборуваат за конкретни административни теми, а е свикан за да се смири конфликтот што постои меѓу нив за таканаречената Фотиева шизма, односно дали патријархот на Константинопол, Фотиј, може да биде патријарх по вторпат или не може да биде. Значи ова се случува по смртта на константинополскиот патријарх Игнатиј во 877 година. Прашањата што се разгледуваат на овој собор се повеќе, но нас нѐ интересираат одлуките од овој собор поврзани со Словените и со Балканскиот Полуостров. Имено, разгледувана е црковната јурисдикција врз териториите под власт на бугарската држава и е решено, на еден дипломатско политички начин, на Илирик да му се признае дека е под Римска јурисдикција, но дека со него во тој период управува Константинопол. Тоа била реалноста, меѓутоа во контекст на ова се кажува и дека Папата, односно епископот на Рим, и епископот, патријархот на Константинопол, објавуваат дека имаат еднакви јурисдикциски права во сферите/териториите под нивно влијание. Тоа значи дека се договориле оти нема да си пречат еден на друг во она што го сметаат за свое место за влијание. Интересен заклучок од овој собор е и тоа што соборот во 787 година во Никеја е прогласен за вселенски собор. Значи ова е соборот што потврдува дека Соборот од 787 година во Никеја е Седми вселенски собор. За жал, по овој собор нема таков голем собор на кој има претставници од Исток и од Запад, кој ќе може да се именува како Деветти, а кој, пак, би го потврдил овој за Осми, па затоа и во почетокот реков дека ова е неофицијално Осмиот собор. Но мора да посочиме и дека во XI век папата Григориј XII Хилдебранг ќе се откаже од одлуките на соборот во Света Софија.

1 Була е папски документ запечатен со оловен печат и оттаму и доаѓа неговото име.

Кога веќе зборувам за соборот во Никеја не можам без да го спомнам и Свети Кирил. Има еден настан којшто некако кога зборуваме за него заборваме да го спомнеме, а треба да биде спомнат. Имено, во 787 година, кога се случува Седмиот вселенски собор, на кој се носат одлуките во однос на иконоборството, во Константинопол е Јован Граматик, последниот иконоборски патријарх на Константинопол. Императорката Теодора, мајката на Михаил, императорот кој ќе ги прати Светите браќа на север, ќе свика собор, но пред да го свика соборот за конечно да го реши прашањето околу иконопочитувањето, таа ќе успее да го детронизира Јован, а на негово место да го стави за нов патријарх Методиј. Во житието на Свети Кирил има дел каде што се вели дека царицата (во случајов се работи токму за Теодора) и патријархот Методиј го соочуваат детронизираниот Јован со Кирила, дури го имаме разговорот меѓу нив каде што Кирил му објаснува на патријархот Јован Граматик дека е во ерес. Свети Кирил уште немал наполнето ниту 24 години кога се водел овој разговор,[2] кој се случил неколку години по Соборот од 843 година на кој Црквата конечно го решила прашањето со почитувањето или непочитувањето на иконите. Ова е сведоштво дека Свети Кирил не е поврзан само со христијанизацијата на великоморавските Словени преку употребата на словенскиот јазик во проповедта и богослуженијата, туку и со догматски прашања на Црквата, конкретно со учењето за почитувањето на иконите.

Соборот во Константинопол од 879/880 завршил, а веднаш потоа е донесена булата “Industriae tuae” (29 јуни 880 година) на папата Јован со која се потврдува правоверноста на Методија. Благодарение на оваа була, по две и пол години минати во затвор, тој е ослободен. Оваа була воедно го потврдува достоинството на Методија за Архиепископ на Моравија, како и тоа дека сиот клир што живее и работи во границите на Велика Моравија е под негова јурисдикција. Исто така, со оваа була се дава дозвола за користење на словенската азбука – глаголицата, создадена од Свети Кирил Филозоф, како и дозвола словенскиот јазик да може да се користи при богослуженијата.[3]

---

2 Спомен и житие на блажениот учител наш Константин филозоф, прв учител на словенскиот народ. Македонска книжевност IX–XVIII век, избор, редакција, предговор, книжевно-историски коментари и белешки д-р Илија Велев. Битола: Микена, 2008, 60–61.
3 Lubomír E. Havlík. “The Roman privilege ‘Industriae tuae’ for Moravia (1100th anniversary)”. *Cyrillomethodianum*, VII. Thessalonique, 1983, 29–30.

## Grande munus[4]

Ќе минат 1000 години пред да се појави следниот документ од папската канцеларија поврзано со Светите браќа Кирил и Методиј, тоа е енцикликата Grande munus од 30 септември 1880 година на папата Лав XIII. Во оваа енциклика се вели дека како што папите го пратиле „Свети Августин кај Британците, Свети Патрик кај Ирците, Свети Бонифаци кај Германците и Свети Вилдеброд кај Фламанците, Данците и Белгијците, така меѓу Словените биле пратени Свети Кирил и Свети Методиј. Бохемијците, Моравците, Хрватите се навикнати да ги слават Светите браќа секоја година на 9 март." Уште во 1863 година папата Пиј IX им дал дозвола да ги прославуваат Светите браќа на 5 јули. Со ова се поместил денот кога на Запад се прославува споменот на Свети Кирил и Свети Методиј. За време на Првиот ватикански собор многу епископи побарале од Светиот Престол почитувањето на нивниот култ и славењето да биде за целата црква (се однесува на западната з.м.). Уште папата Јован VIII вели дека ништо во верата или учењето не забранува да се богослужи литургија на словенски јазик или да се преведуваат, читаат или толкуваат црковните книги, а по многу перипетии ова го потврдил и папата Бенедикт XIV во своето апостолско писмо од 25 август 1754 година. Поради сево ова папата Лав XIII го прогласува 5 јули за ден кога ќе се прославува споменот на Св. Кирил и Методиј во Римската црква, онака како што претходно тоа го уредил папата Пиј IX и е одобрено од Светиот собор.

Со оваа енциклика официјално на територијата на целата Римокатоличка црква се востановува денот кога ќе се чествува споменот на Светите браќа, а тоа е 5 јули.

## Egregiae virtutis[5]

Ќе минат 100 години пред следниот документ од папската канцеларија во кој се говори за Свети Кирил и Свети Методиј. Тоа е апостолското писмо "Egregiae tutis" од папата Јован Павле II издадено на 31 декември 1980 година. Од овој папа има две писма во кои се споменуваат Светите браќа.

Прво е веќе споменатото апостолското писмо "Egregiae virtutis" кое се појавува илјада и сто години по "Industriae tuae". Во писмото покрај биографски податоци за Светите браќа се потенцира единството на Црквата во тој период. За ова, папата Јован Павле II, вели: „Кирил и Методиј својата мисионерска дејност ја вршеа во единство со црквата во Константинопол, од која беа испратени, како и со римскиот престол на Петар, од кој беа потврдени, на тој

4 https://www.vatican.va/content/leo-xiii/it/encyclicals/documents/hf_l-xiii_enc_30091880_grande-munus.html
5 https://www.vatican.va/content/john-paul-ii/it/apost_letters/1980/documents/hf_jp-ii_apl_31121980_egregiae-virtutis.pdf

начин го манифестираа единството на Црквата“. Понатаму во писмото, стои: „Пред сто години папата Лав XIII со енцикликата “Grande munus” ја потсети целата Црква за неверојатните успеси на Свети Кирил и Свети Методиј во нивната работа за евангелизација на Словените. Имајќи предвид дека оваа година Црквата достоинствено се сеќава на 1500-годишнината од раѓањето на Свети Бенедикт, прогласен во 1964 година од мојот претходник, Павле VI, за покровител на Европа, и оваа заштита на цела Европа да биде уште повеќе зацврстена/издигната ги додаваме и особените успеси на двајцата Свети браќа, Свети Кирил и Свети Методиј. За ова постојат многу причини од историска природа, како од минатото така и од сегашноста, потврдени како богословски и црковни, како и целосно културолошки од историјата на нашиот европски континент. Поради сето ова, пред да заврши оваа година посветена на споменот на Свети Бенедикт, посакувам за стогодишнината од енцикликата на папата Лав, да се валоризираат сиве овие причини преку ова прогласување на светителите Кирил и Методиј за козаштитници на Европа“.

Понатаму во писмото на папата Јован Павле II стои дека ова го прави во специфичен историски миг кога на островот Патмос се вршат преговори меѓу Рим и Константинопол за воспоставување на единството меѓу црквите. Како што вели самиот папа: „Се чини дека прогласувањето на Светите Кирил и Методиј за козаштитници на Европа, покрај Свети Бенедикт, во целост соодветствува на знаците на нашето време.“

Второто писмо е адресирано до кардиналот Франциско Томашек, Архиепископ на Прага и епископите во Словачка и е пратено една година по апостолското писмо “Egregiae tutis”. На почетокот од писмото папата Павле Јован II потсетува на прогласувањето на Светите браќа за козаштитници на Европа и на моравскиот град Велеград каде што Свети Методиј е погребан, па продолжува: „Се собравте минатиот јули да го чествувате споменот на Светите браќа, свесни, навистина, за тоа колку многу им должите, не само за името христијани и Црквата, туку, исто така, и за јазикот и литературата и за сета хумана култура на словенските народи“. Понатаму во писмото тој ги потсетува епископите и целата црква во Чехословачка дека нивната многувековна традиција започнува со делото на Свети Кирил и Свети Методиј.[6]

---

6 https://www.vatican.va/content/john-paul-ii/la/letters/1981/documents/hf_jp-ii_let_19811231_card-tomasek.html

## Slavorum apostoli[7]

Покрај споменатите писма, папата Јован Павле II има и една енциклика посветена на работата и делото на Светите браќа. Оваа енциклика[8] е издадена на 2 јуни 1985 година и се нарекува "Slavorum apostoli". Оваа енциклика е објавена по повод илјада и сто години од смртта на Свети Методиј (885 година).

Кога се чита енцикликата се забележуваат три работи на кои се задржува вниманието на папата Јован Павле II.

Првата е културното единство што го имаат словенските народи меѓу себе. Поконкретно, тоа е христијанската култура која се манифестира кај сите словенски народи. Ова јасно се забележува и во македонската култура, од која ако ги тргнете Свети Климент и христијанските темели поставени во негово време на словенска основа, Македонците немаат со што друго да се идентификуваат, бидејќи основата на македонската култура е христијанството. Тргнете го христијанството од македонската култура и немате на што да покажете со прст да речете ова е македонска култура.

Втората работа која се сретнува како тема во оваа енциклика е тогашната изолираност на Словените што живеат зад таканаречената Железна завеса. Енцикликата е издадена во период кога, сѐ уште, постои Советскиот Сојуз и таканаречениот комунистички клуб.

И третиот дел е поврзан со обединувањето на Источната и Западната црква, на екуменизмот. На повеќе места во текстот папата Јован Павле II се обидува Свети Кирил и Свети Методиј да ги претстави како нишка која може да ги поврзе Истокот и Западот, односно Латините, латинскиот обред, грчкиот обред и словенскиот обред. Ова последново е особено важно. Во Црквата, според папата Јован Павле II, важни и влијателни не се само грчката и латинската култура, а оттаму и црковниот обред, соодветно, туку и Словените, нивната култура и нивниот обред. Во оваа енциклика гледаме дека христијанството според него, всушност, има три гранки: латинска, грчка и словенска. Ова јасно се огледа и во реалноста, бидејќи ако денеска ги тргнете Словените од православието, остануваат Романците, Грузијците и Грците. Колкава ќе биде бројката на православни христијани?

---

7 https://www.vatican.va/content/john-paul-ii/en/encyclicals/documents/hf_jp-ii_enc_19850602_slavorum-apostoli.html

8 Енциклика е она што кај нас се нарекува Окружно писмо, односно послание што епископот го испраќа до останатите епископи, во случајов поглаварот на западната црква до останатите епископи, свештеници, монаси, до обичниот народ, во кое најчесто објаснува одредени административни теми, но некогаш и богословски.

Во енцикликата меѓу другото пишува вака: „Иако христијаните Словени, повеќе од останатите ги чувствуваат Светите браќа како 'Словени по срце', тие, сепак, во целост се луѓе на елинската култура и на византиското образование. Со други зборови, луѓе кои во целост ѝ припаѓаат на световната и на црковната традиција на христијанскиот Исток." Од контекстот во којшто се става кажаново, папата вели дека иако Словените свети Кирил и свети Методиј ги гледаат како Словени по срце, тие во суштина не се такви.

Понатаму во енцикликата се потврдува уште еднаш јурисдикцијата на Свети Методиј и се вели дека апостолско-мисионерската дејност на Светите Кирил и Методиј била концентрирана најмногу на териториите на тогашната држава Велика Моравија. Таа ги опфаќала и териториите на Моравија, Словакија, Панонија и дел од денешна Унгарија. Но, Свети Методиј имал и мисионери ученици и во Бохемија и меѓу Срболузијанците. Иако по падот на Велика Моравија, латинскиот обред се вратил на овие територии, сепак и понатаму паралелно на него останал да се употребува и словенскиот обред. Меѓу Словените на Балканскиот Полуостров работата на Светите браќа дала плод кој е уште повидлив, а благодарение на нивната апостолска дејност христијанството тогаш фатило корен и во Хрватска. Односно во делот на Далмација и во Босна веќе во IX век, почетокот на X век, има христијани според словенскиот обред востановен од Свети Кирил и Свети Методиј. На овие простори овој словенски обред е жив до крајот на XIX век и има запазување на словенските богослуженија во делови од Далмација и во Босна и користење и на глаголски текстови, но тој исчезнува веќе во првата половина од XX век.

Понатаму, папата Јован Павле II вели дека преку учениците на Свети Кирил и Методиј кои се прогонети од Велика Моравија, Кирило-Методиевата традиција продолжува да се потврдува и да се развива во Бугарија. Таму, благодарение на Свети Климент Охридски се раѓаат динамични монашки центри каде што особен развој добива кирилицата. Ова поврзување на Свети Климент Охридски со кирилицата нема никаква основа. Со бугарската држава од тој период да, но не и конкретно со Свети Климент Охридски. Но се забележува дипломатичност во целиот текст.

Во енцикликата се зборува и за тоа дека од Балканскиот Полуостров словенскиот христијански обред се шири и на други територии, па така, минувајќи ја блиската Романија, стигнува до античка Киевска Русија и се шири на исток до Москва. По однос на тоа дека од Македонија, од центарот на Свети Климент Охридски, словенскиот христијански обред стигнал во Русија, имаше официјална потврда и од претседателот на Руската федерација, В. Путин, како и од Кирил, патријархот на Москва. Ова се случи во 2016

година по повод доделувањето на наградата „Неговата Светост Патријарх Московски и на цела Русија Алексеј Втори“ на тогашниот претседател на Македонија, професорот Ѓорге Иванов.

За крај ќе цитираме дел од енцикликата: „Со право Свети Кирил и Свети Методиј од страна на словенските народи брзо биле признаени за родители, како на нивното христијанство, така и на нивната култура. Во многу од споменатите територии веќе минале разни мисионери, но мнозинството од словенската популација и понатаму ги чувале паганските обичаи и верувања. Единствено на територии каде што работеле овие светители или каде што, барем, извршиле подготовка за мисионерска дејност, христијанството во следниот век, конечно, станало дел од историјата на Словените.“

Моравската мисија на рамноапостолните браќа Свети Кирил и Свети Методиј требало да биде дипломатска мисија скриена под превезот на мисионерска дејност. Сепак, Божјата промисла е недостижна за луѓето. Најпознатите дипломати на Византија, во Велика Моравија ги поставиле темелите на словенската христијанска култура и на словенскиот црковен обред. Благодарение на нивниот труд и самопожртвуваност во Европа се појавила нова реалност, необразованите словенски пагани станале дел од христијанската екумена и го зазеле своето место меѓу народите. Сево ова е забележано во документите кои низ вековите излегувале од папската канцеларија.